Врз основа на член 158-ѕ точка 1) а во врска со член 150-а став (3) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за наплата и пренос на наплатената премија од страна на осигурително брокерските друштва

**Општи одредби**
**Член 1**

Во членот 3, во ставот (6) од Правилникот за начинот и постапката за наплата и пренос на наплатената премија од страна на осигурително брокерските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2011) на крајот на реченицата, по зборовите: “од денот на наплата на паричните средства од осигуреникот/договорувач” се додаваат зборовите:

“ а по претходно доставена фактура од страна на друштвото за осигурување заедно со спецификација во која ќе бидат наведени договорите за осигурување (полиси) за кои се однесуваат наплатените парични средства”.

**Завршни одредби**
**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Бр.0101-2657/3**
**05.07.2011 година**
**Скопје**

**Совет на експерти на Агенцијата**
**Претседател,**
**д-р Климе Попоски**